Број 11 Година XII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.95/1 КО Бардовци во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.95/1 КО Бардовци во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на седумдесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 август 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6187/1**
**Датум: 04.08.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 1, алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, седумдесет и втората седница, одржана на 03 август 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.95/1 КО Бардовци во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-5806 од 25.08.2011 година, на Русовски Цеко од Скопје, село Глуво ул.„4“ бр.5 Скопје, за објект на дел од КП бр.95/1, КО Бардовци, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 09-5878/3**
**Датум 03.08.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на лица со хендикеп од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември- Денот на лицата со хендикеп**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на лица со хендикеп од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември- Денот на лицата со хендикеп, донесена на седумдесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 август 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6187/2**
**Датум: 04.08.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, а во врска со член 22, став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/2002), Советот на Општина Карпош, на седумдесет и втората седница, одржана на 03 август 2017 година, донесе

**О Д Л УК А**
**за доделување на финансиски средства на лица со хендикеп од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември- Денот на лицата со хендикеп**

**Член 1**

По повод 3-ти декември- Денот на лицата со хендикеп како помош се одобруваат средства во износ од бруто 700.000,00 денари, со пресметан персонален данок.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2017 година, Програма ЕО – Општинска администрација, ставка 471990-социјални надоместоци и потставка.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош по претходно доставен список за лица со хендикеп од подрачјето на Општина Карпош од страна на Секторот за дејности од јавен интерес- Одделение за детска, социјална и здравствена заштита во Општина Карпош да донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5878/4**
**Датум 03.08.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства, донесена на седумдесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 август 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6187/3**
**Датум: 04.08.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на седумдесет и втората седница, одржана на 03 август 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиски средства**

**Член 1**

Се усвојува барањето за финансиски средства бр.11-6018/1 од 28.07.2017 година, за организација на „Европско првенство во кик бокс кадети и јуниори 2017“, во период од 02 до 10 септември 2017 година.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 100.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2017 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5878/5**
**Датум 03.08.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за поставување нов лифт во колективен станбен на булевар Партизански Одреди бр. 101, влез 2, Општина Карпош- Скопје**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за поставување нов лифт во колективен станбен на булевар Партизански Одреди бр. 101, влез 2, Општина Карпош- Скопје, донесена на седумдесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 август 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6187/4**
**Датум: 04.08.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на седумдесет и втората седница, одржана на 03 август 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за поставување нов лифт во колективен станбен на булевар Партизански Одреди бр. 101, влез 2, Општина Карпош- Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува барањето на финансиски средства како помош за поставување нов лифт во колективен станбен објект на булевар Партизански Одреди бр. 101, влез 2, Општина Карпош, доставено од Заедница на сопственици на колективен станбен објект на булевар Партизански Одреди бр. 101, влез 2, бр.11-6004/1 од 28.07.2017 година, во износ од 634.443,225 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2017 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5878/6** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 03.08.2017 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за поставување електронска рампа**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за поставување електронска рампа, донесена на седумдесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 август 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6187/5**
**Датум: 04.08.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на седумдесет и втората седница, одржана на 03 август 2017година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиски средства за поставување електронска рампа**

**Член 1**

Се усвојува барањето за финансиски средства бр.11-5827/1 од 21.07.2017 година, за поставување електронска рампа на паркинг просторот пред колективен станбен објект на булевар Партизански одреди 109 и булевар Партизаниски одреди бр.111.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 68.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2017 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5878/7**
**Датум 03.08.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка и монтажа на нов лифт во колективен станбен објект на улица Јуриј Гагарин бр.23, влез 2, Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка и монтажа на нов лифт во колективен станбен објект на улица Јуриј Гагарин бр.23, влез 2, Општина Карпош, донесена на седумдесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 август 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6187/6**
**Датум: 04.08.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на седумдесет и втората седница, одржана на 03 август 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за набавка и монтажа на нов лифт во колективен станбен објект на улица Јуриј Гагарин бр.23, влез 2, Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува барањето на финансиски средства како помош за набавка и монтажа на нов лифт во колективен станбен објект на улица Јуриј Гагарин бр.23 , влез 2, Општина Карпош, доставено од сопствениците на станови на улица Јуриј Гагарин бр.23, влез 2 бр.11-6130/1 од 03.08.2017 година, во износ од 589.631,25 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2017 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број 09-5878/8**
**Датум 03.08.2017 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

По извршената проверка во Службениот гласник на Општина Карпош број 14 од 2016 година, објавен во месец октомври утврдено е дека е направена аритметичка техничка грешка, во поглед на збирниот износ на предвидените активности за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2017 година, бр. 09-9200/18 од 27.10.2016 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 14/2016) и тоа:

**Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2017 година, бр. 09-9200/18 од 27.10.2016 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 14/2016), во делот Вкупна предвидена финансиска рамка и Глава III. Финансирање, став 1, :**

- **„Вкупна финансиска рамка : 454.000,00“ и**
- **„Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 454.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.“**

**По исправката на аритметичката техничка грешка, делот Вкупна предвидена финансиска рамка и Глава III. Финансирање, став 1, гласи:**

- **„Вкупна финансиска рамка : 530.500,00“ и**
- **„Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 530.500,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.“**

**Одделение за поддршка и организација**
**на работата на Советот на Општина Карпош,**
**Ивана Ордевска, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КП бр.95/1, КО Бардовци, во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земиштето, со Решение за објава,
2. Одлука за доделување финансиски средства на лица со хендикеп од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември – Денот на лицата со хендикеп, со Решение за објава,
3. Одлука за одобрување финансиски средства, со Решение за објава,
4. Одлука за одобрување на финансиски средства за поставување нов лифт во колективен станбен на булевар Партизански Одреди бр. 101, влез 2, Општина Карпош- Скопје, со Решение за објава,
5. Одлука за одобрување финансиски средства за поставување електронска рампа, со Решение за објава и
6. Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка и монтажа на нов лифт во колективен станбен објект на улица Јуриј Гагарин бр.23, влез 2, Општина Карпош, со Решение за објава.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**